Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

## Извадок на дел од дневните настани 02.12.2024

На 01.12.2024 од страна на полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје, по претходно добиена судска наредба од Основен кривичен суд Скопје, бил извршен претрес во дом на Л.С.(18) во Скопје, на територија на Карпош. При претресот се пронајдени марихуана и дигитална вага со остатоци од марихуана. Л.С. е лишен од слобода и против него ќе биде поднесена кривична пријава по член 215 од КЗ.

На 02.12.2024 околу 03 часот во Скопје, на територија на Карпош, од страна на полициски службеници од Единицата за интервентна полиција биле лишени од слобода М.Т. (31) од Скопје и Б.Н. (27) од Скопје, поради сомнение за извршено кривично дело „тешка кражба". Веднаш по добиена пријава околу 02.35 часот дека две лица извршиле тешка кражба од патничко возило на територија на Карпош, преземени се соодветни мерки и активности и извршителите се лишени од слобода, а кај нив се пронајдени предмети поврзани со кривичното дело. По документирање на случајот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.12.2024 во 16.20 часот на автопатот Гевгелија - Демир Капија, кај тунели Демир Капија, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Михајлово го лишиле од слобода А.С.(28) од Кичево. При преглед во возилото „волво", кое го управувал, биле пронајдени три лица мигранти и било констатирано дека регистарските таблички припаѓаат на возило „мерцедес". Мигрантите биле пренесени во Прифатно – транзитен центар Гази Баба во Скопје, а возилото било сместено во кругот на Регионалниот центар за гранични работи Југ за понатамошна постапка. За настанот бил запознаен јавен обвинител.

На 01.12.2024 во 09.30 часот на Граничниот премин Деве Баир, на влез во државата, полициски службеници го лишиле од слобода Ч.Ј.(52) од Република Турција затоа што при извршена пасошка контрола и проверка во оперативна евиденција било констатирано дека приложил фалсификувана возачка дозвола. Запознаен бил јавен обвинител од Основното јавно обвинителство од Крива Паланка, а Ч.Ј. бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 01.12.2024 во 23.50 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Р.(23) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 01.12.2024 во 21.30 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода С.С.(20) од село Трубарево, скопско, затоа што кај него биле пронајдени и одземени бела прашкаста материја и дробилка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 01.12.2024 во 21.20 часот во Скопје, на подрачјето на Чаир, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.С.(30) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 01.12.2024 во 21.40 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.А.Ј.(28) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка со остатоци од марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 01.12.2024 во 00.10 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.М.(24) од с.Мојанци, општина Арачиново, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 01.12.2024 во 17.40 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.А.(22) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и други предмети. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 01.12.2024 во 17.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од бул.„Јане Сандански" и сервисна улица во Скопје, патничко возило „мицубиши колт" со светиниколски регистарски ознаки, управувано од Љ.Т.(71), излетало од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, а со телесни повреди се здобиле неговите двајца малолетни сопатници од Скопје и уште една сопатничка В.Т.(64) од Свети Николе, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 01.12.2024 во 10.30 часот во СВР Битола, В.Ј.(59) од Битола пријавил дека во новиот пазар во Битола бил каснат од куче скитник.

На 01.12.2024 во 20.30 часот на регионален пат Ресен - Битола – Прилеп, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода С.И.(53) од Битола затоа што кај него биле пронајдени повеќе предмети кои потекнувале од кривично дело „тешка кражба" по чл.236 од Кривичниот законик. По документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 02.12.2024 во 03.20 часот во СВР Куманово било пријавено дека бил опожарен деловен објект на улица „11 Октомври", сопственост на М.Ј. од Куманово. Исто така, било пријавено дека во периодот од 03.25 од 06.00 часот биле опожарени три патнички возила на улиците „Трст", „Вардарска" и „Никола Вапцаров" во Куманово, и тоа патничко моторно возило „фолксваген пасат" со кумановски регистарски ознаки, сопственост на Џ.Б., патничко моторно возило „ауди" со кумановски регистарски ознаки, сопственост на А.Е. и патничко моторно возило „ауди" со кумановски регистарски ознаки, сопственост на М.Ш.. Пожарите биле изгаснати од екипа на Територијалната противпожарна единица Куманово, а повредени лица нема. Увид извршила екипа од СВР Куманово, известен е и јавен обвинител. Се преземаат мерки за расчистување на случаите.

Денеска (02.12.2024) во 04.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Визбегово, скопско, настанал пожар на патничко возило „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, сопственост на М.Џ.(23). Екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје го изгаснала пожарот, а повредени лица нема. Извршен бил увид.

На 30.11.2024 во 15.30 часот во СВР Скопје М.С.(53) од с.Долно Свиларе,скопско, пријавил дека околу 14.30 часот на подрачјето на Гази Баба, по претходно недоразбирање бил физички нападнат од С.И.(40) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 01.12.2024 во 23.00 часот во СВР Скопје, 54-годишна жена од скопско село, пријавила дека околу 17.30 часот во семејниот дом била физички нападната од поранешниот сопруг И.Т.(61). По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 01.12.2024 во 19.30 часот во ОВР Струга било пријавено во продажен објект на магистралниот пат Струга - Дебар, едно лице со закана со огнено од оружје се обидело од вработената да одземе пари, но кога почнала да бара помош лицето заминало од местото. Увид бил извршен и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Радовиш поднесе кривична пријава против Д.Г.(39) од Радовиш поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". На 21.06.2024 на објава на портал на социјална мрежа, пријавениот поставил коментар со кој промовирал омраза и насилство.

СВР Велес поднесе кривична пријава против двајца малолетници од Велес поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем". На 16.07.2024, пријавените неовластено присвоиле платежна картичка сопственост на О.Б.(62) и со неа во повеќе наврати вршеле плаќања и на тој начин предизвикале материјална штета во износ од 5.640 денари.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Р.Џ. поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување лиценца". На 05.10.2024, пријавениот бил затекнат како врши транспорт на огревни дрва со товарно возило „мерцедес", без да поседува лиценца за вршење на јавен превоз.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Б.Ј.(25) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „разбојништво" и „тешка кражба" на дрзок начин. На 24.11.2024 на булеваротот „Туристичка" во Охрид, пријавениот со употреба на сила од оштетената И.Ч.С. од Охрид одзел чанта, а на 25.11.2024 преку отворен прозорец влегол во домот на оштетената С.Џ. од Охрид и заканувајќи ѝ се со остар предмет ѝ одзел пари и накит. На него му била одредена мерка притвор во траење од 30 дена.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против С.П.И.(51) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи" по член 396 став 3 од Кривичниот законик. При претрес во неговата викенд куќа во кичевската населба Кнежино, полициски службеници пронајдоа и одзедоа еден пиштол „Застава", еден гасен пиштол „Екол" со рамка и додаток за испалување, рамка за пиштол со три куршуми, два маневарски куршуми и четири сигнални куршуми, кои, неовластено ги поседувал. Тој беше лишен од слобода.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против С.М.(83) од струшкото село Мислешево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". На 02.11.2024, тој со ловечка пушка, која ја поседувал со дозвола, пукал кон ловечко куче, сопственост на Д.П. од истото село и го усмртил.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет